**УГОТУР А.Д.-Скопје**
**за организирана исхрана,угостителство и туризам**
**агенциско работење и трговија**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО
# ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. - 31.12.2023 година

**март 2024 година**

Во деловната 2023 година, Друштвото во своето работење ги постигна следниве резултати:

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| во денари | 2022 | 2023 | индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|
| Вкупно оперативни приходи | 297.295.295 | 1.579.408 | 0,53% |
| Вкупно оперативни расходи | 269.674.915 | 3.566.537 | 1,32% |
| Добивка / загуба од работење | 27.620.380 | -1.987.129 | |
| Финансиски приходи / расходи | 441.318 | 607.476 | 137,65% |
| Добивка / загуба пред оданочување | 28.061.698 | -1.379.653 | |
| Данок на добивка | 3.077.586 | - | |
| **Добивка / загуба по оданочување** | **24.984.112** | **-1.379.653** | |

Ваквиот финансиски резултат произлегува од:

## ПРИХОДИ

| во денари | 2022 | 2023 | индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на стоки и услуги на домашен пазар | 265.456.921 | 150.975 | 0,06% |
| Приходи од продажба на стоки и услуги на странски пазар | - | - | - |
| Приходи од посредување на домашен пазар | 31.515.844 | 1.350.000 | 4,28% |
| Останати приходи од продажба | 164.823 | 29.913 | 18,15% |
| Добивка од продажба на основни средства | 110.721 | - | |
| Останати оперативни приходи | 46.986 | 48.520 | 103,26% |
| Приходи од дивиденди | 498.350 | 531.900 | 106,73% |
| Приходи од камати | - | 71.882 | |
| Останати финансиски приходи | 10.531 | 3.694 | 35,08% |
| **Вкупни приходи** | **297.804.176** | **2.186.884** | **0,73%** |

Најголемо влијание врз драстичното опаѓање на приходите има прекинувањето на набавките на стоки и услуги за потребите на ЕВРОПА АД Скопје.

## РАСХОДИ

| во денари | 2022 | 2023 | индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 4.154.900 | 6.928 | 0,17% |
| Потрошена енергија и гориво | 434.564 | - | - |
| Трошоци за ситен инвентар | 552.262 | - | - |
| Надворешни услуги | 584.103 | 549.458 | 94,07% |
| Трошоци за наемнини | 324.978 | 91.730 | 28,23% |
| Посредничка провизија | 964.681 | - | |
| Бруто плати | 3.661.494 | 1.025.798 | 28,02% |
| Останати трошоци за вработените | 327.227 | 45.597 | 13,93% |
| Амортизација | 296.131 | - | - |
| Трошоци за репрезентација | 2.432.666 | 34.781 | 1,43% |
| Вредносно усогласување на ситен инвентар | 779.768 | - | - |
| Трошоци што се рефактурираат | 54.879 | - | - |
| Комунални услуги | 77.612 | 29.913 | 38,54% |
| Кало, растур, кршење и расипување | 37.945 | - | - |
| Трошоци од загубен судски спор | - | 1.509.002 | - |
| Финансиски расходи | 67.563 | - | - |
| Останати расходи | 288.166 | 176.636 | 61,30% |
| Набавна вредност на продадени стоки | 254.703.539 | 96.694 | 0,04% |
| **Вкупни расходи** | **269.742.478** | **3.566.537** | **1,32%** |

Во 2023 година намалување има кај сите видови на расходи, освен кај трошоците од загубен судски спор каде што Друштвото беше тужител.

## ПРОМЕНИ ВО ДЕЛОВНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ДРУШТВОТО

Со истекот на деловната 2022 година Друштвото ги заврши своите деловни активности поврзани со работењето согласно Одлуката за голема зделка донесена од Собранието на акционери на УГОТУР АД Скопје на 27.05.2020 година. Со оваа Одлука беше одобрено УГОТУР АД Скопје како посредник да врши набавки на стоки и услуги за потребите на ЕВРОПА АД Скопје. Исто така, во средината на 2022 година Друштвото престана со извршување на споредната угостителска дејност.

Од овие причини, во 2023 година приходите драстично се намалија. Раководството на Друштвото веднаш по овие настани презеде мерки за намалување на трошоците.

Основна дејност на Друштвото останува неспецијализирана трговија на големо.

## РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ

Со Одлука на Собранието на акционери на Друштвото одржано на 16.05.2023 година добивката по оданочување остварена во 2022 година во износ од 24.984.112 денари е распределена за покривање на акумулираните загуби од минати години во износ од 9.413.089 илјади денари, а остатокот од 15.571.023 денари е одлучено да остане како нераспределена (акумулирана) добивка.

## ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА ДРУШТВОТО И ОДНОСОТ НА ДОЛГОРОЧНИОТ ДОЛГ СПРЕМА ГЛАВНИНАТА

Во структурата на пасивата капиталот и резервите на 31.12.2023 година учествуваат со 79,61% (44,77% на 31.12.2022 година), а што укажува на зголемено учество на финансирање на работењето од сопствени извори.

На 31.12.2023 година Друштвото нема обврски по долгорочни кредити, а има обврски по основ на тековна доспеаност на долгорочен кредит во износ од 152.250 денари и обврски по краткорочни позајмици во износ од 1.600.000 денари. Овие краткорочни финансиски обврски во пасивата на Друштвото учествуваат со 2,22%.

## СТЕКНУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИ АКЦИИ

На 31.12.2023 година УГОТУР АД Скопје има откупено 86.500 обични акции што претставува учество од 9,99% во основната главнина. На 31.12.2022 година УГОТУР АД Скопје имаше откупено 86.500 обични акции (учество од 9,99% во основната главнина). Во текот на 2023 година немаше стекнување на нови сопствени акции на Друштвото.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ДРУШТВОТО

Управувањето во УГОТУР АД Скопје е организирано според едностепен систем на управување. Одборот на директори е составен од 3 члена.

## НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Во текот на 2023 година извршниот член на Одборот на директори на УГОТУР АД Скопје Маја Велкова по основ на плати и надоместоци од плати, како и по основ на регрес за годишен одмор има примања само во УГОТУР АД Скопје, друштво во кое е вработена. Неизвршниот независен член на Одборот на директори Марина Симоноски по основ на плати и надоместоци од плати има примања само во друштвото во кое што е вработена. Неизвршниот член на Одборот на директори Душко Ангелов по основ на плати и надоместоци од плати има примања само во друштвото во кое што е вработен.

Акционерско друштво за трговија, услуги и атоничко работење УГОТУР Скопје

**Извршен директор**

**Маја Велкова**